# * СЛУЖБЕН ГЛАСНИК *
# на општина Дебрца


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН **ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | **БЕЛЧИШТА**<br>**29.12.2025 година.**<br><br>**Број 16. Год. 2025** | **ЕДБ:4020004141925**<br>**КОНТАКТ:**<br>**E-mail :belcista@t-home.mk,**<br>**contact@debrca.gov.mk**<br>**Телефон :046/286-855** |


Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари – пластични канти за комунален отпад**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари – пластични канти за комунален отпад, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/1**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинската сопственост („Службен весник на РМ“, број 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За предавање во сопственост на движни ствари - пластични канти за комунален отпад**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта се предаваат во сопственост без надоместок канти од 120 литри – зелена боја – 480 парчиња, набавени од Министерство за животна средина и просторно планирање, наведени во Записник за квалитативен и квантитативен прием, број 02-1427/1 од 25.11.2025 година.

**Член 2**

Записникот за квалитативен и квантитативен прием, број 02-1427/1 од 25.11.2025 година, влегува во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

**Број 08-1545/5**
**25.12.2025 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за користење на службено патничко моторно возило на општина Дебрца**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за користење на службено патничко моторно возило на општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/2**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе :

# ОДЛУКА

## за користење на службено патничко моторно возило на Општина Дебрца

### Член 1

На Градоначалникот на Општина Дебрца му се одобрува користење на службеното патничко моторно возило, сопственост на Општина Дебрца, **марка „DACIA DUSTER“, со регистарска ознака ОН-2781-AD**, за службени потреби поврзани со вршењето на функцијата, вклучително и превоз од местото на живеење – **с. Лешани** до седиштето на Општината во **с. Белчишта**, како и за други службени активности во рамки на надлежностите на Градоначалникот.

### Член 2

При користењето на службеното возило Градоначалникот е должен да го користи исклучиво за службени цели, да води евиденција за изминатите километри и потрошеното гориво, и да обезбеди рационално користење на возилото во согласност со актите на Општината.

### Член 3

При пресметувањето на месечниот износ на бруто-платата на Градоначалникот **не се пресметува надоместок за превоз од и до работното место**, имајќи предвид дека за таа намена се користи службеното возило од член 1 на оваа одлука.

### Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука **престанува да важи за Одлуката користење на службено патничко моторно возило на Општина Дебрца**, број 08-1350/9 од 14.11.2025 година („Службен гласник на Општина Дебрца“, бр. 12/25).

**Член 5**

Оваа Одлука **влегува во сила со денот на нејзиното донесување** и ќе се **објави во „Службен гласник на Општина Дебрца“.**

**Број 08-1545/6**
**25.12.2025 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за активностите на општина Дебрца во областа на социјалната и здравствената заштита во 2026 година (Т1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за активностите на општина Дебрца во областа на социјалната и здравствената заштита во 2026 година (Т1), што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/3**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 ) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005, 11/2010), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Дебрца во областа на социјалната и здравствената заштита во 2026 година (Т1)**

**I.**

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат активностите на општината Дебрца за подобрување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната и здравствената заштита во 2026 година, средствата за социјалната и здравствената заштита, нивната распределба и начинот на користење.

Основната цел на оваа Програма е да овозможи граѓаните на општината да бидат социјално и здравствено заштитени и да имаат еднаков пристап до социјалните и здравствените услуги.

**II.**

Средствата за социјална и здравствена заштита ќе се користат за активности на општината Дебрца кои ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на повеќе приоритети како што се: поддршка на лица и семејства кои во одредено време се нашле во состојба на социјален ризик, психосоцијална поддршка, заштита на лицата со посебни потреби, хуманитарни акции, парична помош и други, кои ќе придонесат за унапредување на социо-економската заштита на граѓаните, со што ќе обезбеди достоинствен живот за семејствата кои живеат во сиромаштија,како и унапредување на јавното здравје на населението на подрачјето општината и тоа :

| ❖ **СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА** | **Денари** |
|---|---|
| • Еднократна парична помош за лица и семејства во социјален ризик; | 100.000 |
| • Еднократна парична помош за лекување во државата ; | 150.000 |
| • Еднократна парична помош за лекување во странство ; | 200.000 |
| • Еднократна парична помош на лица со ретки болести; | 100.000 |
| • Еднократна парична помош во случај на смрт ; | 100.000 |
| • Еднократна парична помош за ублажување на последици од елементарна непогода ( пожар, поплава и др. ) ; | 200.000 |
| | 50.000 |

| | |
|---|---|
| • Субвенционирање на дел од трошоците за комунални услуги ;<br>• Набавка на училишен прибор за деца без родители од општината ;<br>• Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби ;<br>• Социјални пакети | 50.000<br>50.000<br>100.000 |
| • **ГРИЖА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ, ВЕТЕРАНИТЕ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА, ПОСТАРИТЕ ЛИЦА И СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**<br>• Финансиска поддршка на Здруженија на граѓани кои имаат активности на полето на социјалната и здравствената заштита на територијата на општина Дебрца<br>• Еднократна парична помош за лица со посебни потреби;<br>• Одбележување на 28 Февруари-Светски ден на ретките болести,<br>• Одбележување на 3 декември-Денот на лицата со хендикеп | 150.000<br>30.000<br>30.000 |
| ❖ **СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК И ПРОШИРУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО**<br>• Еднократна субвенција за склучен брак<br>• Еднократна субвенција за новороденче<br>• Еднократна субвенција за трето дете | **Денари**<br>200.000<br>250.000<br>500.000 |
| • **ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО**<br>• Преземање на општите мерки за заштита од заразни болести ( дезинсекција, дезинфекција и дератизација ) ; | **Денари**<br>200.000 |
| **Вкупно** | **2.780.000,00** |

**III.**

Средствата утврдени во оваа Програма кои ќе се користат во вид на еднократна парична помош, еднократна субвенција, субвенционирање на дел од трошоците за комунални услуги и социјални пакети ќе се одобруваат согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца.

Средствата утврдени во оваа Програма кои ќе се користат во вид на финансиска поддршка на активности на здруженијата на граѓани ќе се одобруваат согласно претходно објавен јавен повик од страна на Градоначалникот на општина Дебрца.

**IV.**

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на општината Дебрца за 2026 година , Буџетот на Република С.Македонија за 2026 година и други извори.

**V.**

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**VI.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“, а ќе се применува од 01. Јануари- 31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/7** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**25.12.2025 година** **Иван Стрезоски с.р.**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/4**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/21), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА ЗА 2026 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/21), општина Дебрца има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот.

Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвување на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото пожелно е да се изработи Годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Годишната програма за еднакви можности на општина Дебрца за 2026 година се изготвува со цел реализирање на планираните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2026 година. Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната власт може да направи значајни промени кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на општина Дебрца и работа на КЕМ за 2026 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование, спорт, култура и слично).

- Промоција на родова еднаквост како вредност, преку информативни настани, манифестации, кампањи и едукации

- Поголема вклученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината

- Унапредување на знаење на жените и континуирана грижа и заштита на сопственото здравје преку организирани предавања и редовни прегледи.

Главна задача на Општината и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените односно мажите и на обезбедување рамноправност помеѓу мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

## III. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Дебрца се:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината

- Организирање протоколарни и средби за воспоставување, соработка на претставници од Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Дебрца, во соработка со институциите на локално ниво.

## IV. ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање семинари
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на претходно наведените активности, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца во износ од 150 000 денари.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на програмата е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Реализиацијата и следењето на активностите ќе биде преку Координаторката за еднакви можности од општина Дебрца како и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден по објавување во Службен гласник на општина Дебрца, а ќе се применува од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

| Реден број | Активност | Времетраење | Буџет на проектот | Одговорни за имплементација / партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање на спортско рекреативни антистрес тренинзи и забавно-спортски игри во природа со цел подобрување на психо-физичкото здравје и социјализација на жените | во текот на 2026 год. | 30.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности, Ангажирање на инструкторка за спортско рекреативни тренинзи | Буџет на ЕЛС Дебрца | Број на организирани спортско-рекреативни антистрес тренинзи и број на присутни на истите |
| 2. | Посета на Саем за вработување, каде преку средби на работодавачи од регионот, невработените жени и мажи ќе имаат можност да се запознаат со можности за вработување | во текот на 2026 год. | 20.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности | Буџет на ЕЛС Дебрца | Број на посетители на саемот за вработување и број на запознати млади невработни лица за можностите кои се нудат за да добијат пракса или работа во некоја компанија во нашата локална заедница и регионот<br><br>Број на директно остварени контакти помеѓу посетителите и компаниите<br><br>Број на селектрирани кандидати за идни обуки, пракси и вработувања |
| 3. | Обезбедување на поддршка на рурални жени кои се занимаваат со | во текот на 2026 год. | 10.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности, Одделение за заштита на животната | Буџет на ЕЛС Дебрца | Спроведено истражување, зголемување на кориснички на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | земјоделство Организирање на Инфо сесии за искористување на ИПАРД мерки (со фокус на поволности за жени носителки на земјоделските стопанства и правото на земјоделска пензија) | | | средина и ЛЕР, МЗШВ,експерти, консултанти/АФПЗР | | мерките од ИПАРД |
| **4.** | Набавка на нова опрема за девојчињата кои тренираат во тн. “машки” спортови како што е фудбалот, исплаќање на патни трошоци за натпревари | во текот на 2026 год. | 20.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности | Буџет на ЕЛС Дебрца | Зголемување на бројот на девојчиња кои тренираат<br><br>Започнување со настапи и натпревари и афирмација на спортот во нашата општина и регионот |
| **5.** | Промоција на родовата еднаквост во културата преку конкретен настан, Ликовна изложба - жената во фокусот | во текот на 2026 год. | 10.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности | Буџет на ЕЛС Дебрца | Изложени ликовни дела |
| **6.** | Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста, медиумска промоција | во текот на 2026 год. | 10.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности, АВРМ, Општина Дебрца, НВО | Буџет на ЕЛС Дебрца | Процент на жени пријавени како баратели на работа во АВРМ кои како целна група биле вклучени во настани од кампањата |
| **7.** | Мамографски прегледи и нивната важност | во текот на 2024 год. | 30.000,0 ден. | Координатор за еднакви можности, Здравствен дом Вевчани | Буџет на ЕЛС Дебрца | Спроведена интернет кампања, број на реализирани мамографски прегледи |
| **8.** | Истражување за потребите и интересите на жените од областа на комуналната, урбанистичката инфраструктура и животната средина | во текот на 2026 год. | /// | Координатор за еднакви можности, Оделение за заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за урбанизам и комунални работи | Не се потребни финансиски средства. | Изготвена анкета, број на анкетирани лица, Изготвени табели со приоритети и предлози |
| **9.** | Спроведување на теренски активности за мапирање на самохрани мајки во општината, Обучување на самохрани мајки за нивните права кои произлегуваат од Законот за социјална заштита, законот за здравствена заштита | во текот на 2026 год. | /// | Координатор за еднакви можности | Не се потребни финансиски средства. | Број на обучени жени |
| **10.** | Прибирање на родово-разделени податоци | во текот на 2026 год. | /// | Координатор за еднакви можности | Не се потребни финансиски средства. | -Изготвен 1 документ со родово- |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | разделени податоци со: - Број на жени/мажи вработени по позиции во училиште; -број на жени/мажи вработени по позиции во општина; -број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријатие; - број на жени/мажи управители во фирми; |
| **11.** | Обука за МЗ за родова еднаквост и учество на жените во јавните политики | септември/ октомври 2064 | 20.000,0 ден. | Координатор за ЕМ/ Месни заедници/надворешни консултанти | Буџет на ЕЛС Дебрца | -опфатени МЗ во Дебрца; -за 20% зголемен степен на знаење за родова еднаквост и учество на жените во јавните политики |
| **12.** | Воспоставување меѓуопштинска регионална соработка, размена на искуста и добри практики | во текот на 2026 год. | /// | КЕМ општина Дебрца и КЕМ на општините во регионот | Не се потребни финансиски средства. | Потпишани меморандуми, одржани работни средби, работилници |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ:** | | | | | **150.000,0 денари** | |

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/8**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Годишната програма за зимско одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца во зимската сезона 2025/2026 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за зимско одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца во зимската сезона 2025/2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/5**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца “ број 3/2005) Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за зимско одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца во зимската сезона 2025/2026 година**

## I.ВОВЕД

Одржувањето на коловозните површини на општинските патишта и улици во општината и нивното оспособување за сообраќајот во зимските услови претставува значајна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекини на нормално одвивање на сообраќајот. Особено се неповолни изненадувањата од временски непогоди при несоодветно извршена подготовка на надлежните органи.

Оваа програма тргнува пред се од претпоставката за обезбедување на одговорен однос на сите во општината, со што би се овозможило рационално и економично извршување на програмата.

Програмата за зимско одржување е изготвена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за јавни патишта, Законот за заштита и спасување, Законот за јавна чистота и потребата од отстранување на снегот и голомразиците.

За целосно спроведување на програмата за зимско одржување потребно е да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при СВР – Охрид и Секцијата на Македонија пат – Охрид, со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред, односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи, односно деловни објекти.

Само во меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите споменати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

## II.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел да обезбеди услови за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Дебрца преку :

- одредување на обемот на работата и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини ;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализација на оваа Програма ;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

## III.ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот.

Според значењето на локалниот сообраќај, општинските патишта на подрачјето на општина Дебрца за зимско одржување се распоредуваат во приоритетни групи и тоа :

1. општинските патишта со асфалтни коловози по кои се одвива редовен линиски превоз на патници или кои водат до објекти кои се од витално значење за општината ;
2. општинските патишта со асфалтни коловози каде нема услови за одвивање на редовен линиски превоз на патници ;
3. општинските патишта до селата во ридско планинските подрачја и патишта со земјани и макадамски коловози кои поврзуваат помали населби;
4. улици во селата со приоритет на улиците кои водат до објекти од витално значење за селата ( училишта, амбуланти, верски објекти, продавници , бензински пумпи и др. ) .

Зимското одржување (чистење на снегот) на општинските патишта ќе се врши редовно и кон чистење на снегот ќе се пристапи ако снежната покривка изнесува над 5 cm.

Чистење на снегот на општинските патишта со асфалтни коловози ќе се врши со градежна механизација која се движи на гумени тркала (камион опремен со плуг за чистење снег,багер , утоварач со плуг за чистење снег, трактор со плуг за чистење снег).

## IV.ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

На подрачјето на општина Дебрца зимска служба организира ЕЛС – Дебрца, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното фунцкионирање на зимската служба.

Функционирањето на зимската служба се остварува со следната организациска поставеност :

1. **Советот на општината со стручните служби на општинската администрација :**
- ја усвојува оваа програма ;
- го следи извршувањето на оваа програма ;
2. **Градоначалникот на општината :**
- Се грижи за извршувањето на оваа програма.
3. **Зимското одржување на општинските патиштата и улици ќе го вршат Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта и економски оператор-носител на набавката, избран на Јавен повик, објавен од ЕЛС Дебрца, согласно Законот за јавни набавки.**

ЈКП „Дебрца“ и носителот на набавката, како одговорни за зимско одржување ги имаат следните задолженија :

- формираат оперативно тело за спроведување на програмата и заедно со стручните служби при општинската администрација одлучуваат за преземање потребни активности предизвикани од временски неприлики ;
- возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови ;
- вршат зимско одржување на општинските патишта и улици,  согласно оваа програма ;
- водат целосна документација за извршените работи на зимско одржување ;
- остваруваат соработка со сите други субјекти во општината задолжени за спроведување на програмата за зимско одржување ;

4. **Надзорниот орган ги врши следните работи :**

- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна документација ;
- остварува координација и соработка со другите субјекти (стручните служби при Советот на општината, Општинскиот штаб за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи, правните лица, месните заедници, граѓаните) ;
- дава налог за работа на претпријатиетo на кое му се отстапени работите ;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на програмата.

Надзорниот орган го именува градоначалникот на општината, со посебно решение.

5. **Обврски на другите субјекти :**

**5.1. Министерство за внатрешни работи :**

- Сообраќајната полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќајниците ;

**5.2.** Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на одлуката за одржување на комуналниот ред на подрачјето на општината Дебрца, во делот за отстранување на снегот и мразот, ја подготвува тендерската документација за избор на носител на набавката за зимско одржување, изготвува оперативен план за зимско одржување со преглед на приоритетните општински патишта и улици, а кој е составен дел на оваа програма .

**5.3.** ЈП „Македонија пат“ – Секција Охрид врши зимско одржување на регионалниот пат врска со М4-село Ботун-село Белчишта-село Лешани-село Велмеј-село Брежани.

Доколку ЈП “Македонија пат “ не го врши или  ненавремено го врши зимското одржување на регионалниот пат, за неговото одржување дополнително ќе се ангажира ЈП  “Дебрца “ -Белчишта и носителот на набавката.

**5.4.** ЕВН АД Скопје-КЕЦ Охрид ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро уреди и инсталации.

**5.5.** Македонски Телеком ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди и инсталации.

**5.6**. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК- Охрид доставува извештаи ( дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови.

**5.7.** Претпријатијата и граѓаните – сопствениците, односно корисници на деловни згради и деловни простории преземаат мерки за чистење на снегот и подмрзнатите површини пред овие објекти.

**5.8.**Граѓаните го чистат снегот, подмрзнатиците од тротоарите, патеките, приодите пред своите згради. Исто така, граѓаните го чистат снегот од крововите и терасите,, при што водат сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот.

**V.ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата за извршување на целите на оваа прогрма изнесуваат **1.000.000 денари** и истите ќе се обезбедат од буџетот на општина Дебрца.

**VI.** Против сите оние кои нема да ги извршуваат предвидените активности со оваа програма ќе се преземат мерки согласно Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред на општината Дебрца .

**VII.**Средствата за извршување на оваа програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Дебрца за 2026 година.

**VIII.**Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца."

**Број 01-1545/9**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Претседател,**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/6**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002),а во врска со член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ",број 84/08, 52/09, 114/2009, 124/2010, 53/2011, 44/2012, 168/2012, 163/2013, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/2021, 253/2023, 224/2024 I 135/2025) и член 21 став 1 алинеја 12 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општина Дебрца",број 3/2005),Советот на општината Дебрца,на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција, оддржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2026 година**

**I.**

Со оваа Програма се утврдуваат средствата за изградба,реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2026 година, нивниот распоред, користењето по намени и изворите на средства за нејзината реализација.

**II.**

Општински пат е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината.

Улица е сообраќајница во населено место наменета за сообраќај на возила која може да биде сочинета од коловоз,тротоари,велосипедски патеки и разделни острова.

Работите на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта и улици ги врши општината.

**III.**

Финансиските средства за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици се обезбедуваат од изворите на средства што за таа намена се определени во член 55 од Законот за јавните патишта,чиј износ се утврдува со Годишната програма за изградба,реконструкција,одржување и заштита на државните патишта што ја донесува Владата на Република С.Македонија,а чија распределба се врши со Одлука за распределба на средствата за финансирање на годишните програми за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици на општините и градот Скопје,што ја донесува Јавното претпријатие за државни патишта,согласно пропишаните критериуми со член 60 од Законот за јавните патишта и Правилникот за начинот на распределба на средствата на општините односно градот Скопје од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилата ("Службен весник на РМ",број 129/2008 ), Буџетот на општината и други извори на средства .

**IV.**

Средствата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици во општината Дебрца за 2025 година ,се утврдуваат во износ од **29.030.560**денари и истите се планира да се остварат од следните извори:

| | |
|---|---|
| • Јавно претпријатие за државни патишта распределба на средствата за финансирање на | |

| | |
|---|---|
| годишните програми за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици на општините и градот Скопје за 2025 година | **3.167.954 денари**. |
| • Буџет на општината Дебрца за 2026 година | **25.862.606 денари** |

**V.**

Средствата за општинските патишта и улици,во висина на приходите од **29.030.560** денари ,ќе се користат за следните намени:

| **Планирана проектна активност** | **Планирани финансиски средства /денари** |
|---|---|
| • Изградба ( тампонирање и асфалтирање ) на улици во населените места во општината и тековно одржување на општинските патишта и улици со асфалтни коловози-крпење на ударни дупки и други помали поправки на коловозите и патните објекти | **22.000.000** |
| • Тампонирање на општински патишта и улици | **2.000.000** |
| • Поставување на сообраќајна сигнализација на општинските патишта и улици | **400.000** |
| • Поставување на заштитни метални огради на мостови | **600.000** |
| • Изработка на сообраќаен проект за сообраќајна сигнализација | **150.000** |
| • Изготвување на техничка документација за реконструкција и изградба на патишта | **1.500.000** |
| • Изготвување на техничка документација за реконструкција на патен правец село Слатино – врска со Автопат А2. | **800.000** |
| • Пробивање, порамнување, тампонирање на полски патишта, со цел олеснет пристап до земјоделските површини ; | **1.000.000** |

| | |
|---|---|
| | |
| • Изготвување на техничка документација за реконструкција на патен правец село Слатино – врска со Автопат А2 | **580.560** |
| Вкупно: | **29.030.560** |

**VI.**

Проекти од локална патна инфраструктура кои се планира да се реализираат од други извори на средства, по поднесени апликации :

-Реконструкција на патен правец село Мешеишта-село Волино, проектна вредност 15.453.357 денари, обезбедени од Министерство за транспорт и врски ;

-Изградба на патен правец село Злести-Црква Пречиста Богородица, проектна вредност 8.406,069 денари, од кои 5.071.787 денари се обезбедени од Минстерство за транспорт и врски, а 3.334.282 денари се обезбедени од буџетот на општина Дебрца ;

-Реконструкција на главна улица во село Оровник, проектна вредност 10.215,732 денари, кои се обезбедени од Министерство за транспорт и врски ;

-Реконструкција на улица во село Волино, проектна вредност 4.758.643 денари, кои се обезбедени од Министерство за транспорт и врски ;

**VII.**

Во текот на извршувањето на оваа Програма предност при изведувањето на работите ќе има одржувањето на општинските патишта по кои се одвива редовен патен сообраќај.

**VIII.**

Динамиката на извршувањето на работите ќе се одвива во зависност од приливот на средства предвидени со оваа Програма.

**IX.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дебрца", а ќе се применува од 01 Јануари – 31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

**Број 01-1545/10**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/7**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002 ) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2026 година**

**I.**

Активностите на Општина Дебрца кои се предвидени во оваа програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во 2026 година ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции за развој рамномерно на целата територијата на општина Дебрца. Посебен предизвик на општина Дебрца во наведениот период претставува реализација на проекти кои се од клучно значење и подобрување на животот на нејзините граѓани. Со оваа програма конкретно се утврдуваат обемот на работите и средствата за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои се пристигнати во општина Дебрца.

**II.**

Средствата за развој на локалната инфраструктура во општината Дебрца ќе се користат за изградба, реконструкција и одржување на објектите на комуналната инфраструктура во населените места во општината и други намени и тоа :

| | |
|---|---|
| **ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | |
| ▪ Изработка на Физибилити студија за изградба на цевковод за каптирање на вода од извор „Опчели“ с.Песочани | 400.000 денари |
| ▪ Изработка на Студија за истражување на подземни извори за вода за пиење во с.Требеништа | 60.000 денари |
| • Реконструкција на водоснабдителни системи | 1.000.000 денари |
| **ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ / ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ** | |
| • Доизградба на канализационен систем во село Лешани и пречистителна станица во с.Грко Поле | 20.000.000 денари |
| • Изградба на канализационен систем во село Требеништа/ прва фаза; | 32.796.284 денари |
| • Доизградба на четири краци од канализационен систем во село Мешеишта; | 4.500.000 денари |

| | |
|---|---|
| • Обновување на Основен проект за изградба на канализационен систем во с.Велмеј | 500.000 денари |
| **ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ**<br>• Реконструкција на Дом село Волино,<br>• Изградба на детско игралиште во с.Лешани<br>• Санација на просторијата на Месната заедница село Велмеј,<br>• Санација на старо училиште во село Лешани<br>• Реконструкција на детски игралишта<br>• Изградба на корито и пешачка патека од патот за Долно Средоречие до мостот за с.Лешани<br>• Партерно уредување покрај реката во с.Белчишта на потегот од фонтаната до споменикот<br>• Партерно уредување кај изворите во с.Велмеј ;<br>• Партерно уредување на средселото во с.Велмеј<br>• Изградба на гаража за противпожарни возила | 8.300.000 денари<br>1.000.000 денари<br>600.000 денари<br>1.000.000 денари<br>300.000 денари<br>2.500.000 денари<br>1.000.000 денари<br>300.000 денари<br>500.000 денари<br>600.000 денари |
| **РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ**<br>• Набавка на садови за собирање на комунален отпад;<br>• Чистење на нелегални депонии,<br>• Чистење на одводни канали и поставување на пропусти;<br>• **Одржување на јавната инфраструктура** ( одржување-чистење на крајпатната вегетација на општинските патишта и улици, санација од помали размери на општинските патишта и улици, одржување на насипи, канали, водоводни и канализациони мрежи и други објекти од општ | 300.000 денари<br>500.000 денари<br>500.000 денари<br>1.000.000 денари |

| | |
|---|---|
| интерес, подобрување на условите за живеење и други работи) **и Одржување и заштита за животната средина и природата** ( чистење и санација на дивите депонии, чистење и одржување на речните корита, канали, одводи, јавни површини, паркови и хортикултурно уредени локации во селата, фудбалските игралишта, монтажа и одржување на опремата во парковите и јавните детски игралишта, развој на селските подрачја и други работи)<br><br>• Плаќање на потрошена електрична енергија и пренос во дистрибутивна мрежа за пумпи за снабдување со вода за пиење<br><br>• Плаќање на рати за потрошена електрична енергија за превземен долг од ЈПКД „Дебрца“ и склучена Спогодба помеѓу општина Дебрца, ЕВН Хоме и ЈПКД „Дебрца“ | 4.800.000 денари<br><br>3.000.000 денари |
| **Вкупно** | 85.456.284,00 |

**III.**

Финансирањето на приоритетите утврдени со оваа Програма ќе се врши од Буџетот на општината Дебрца за 2026 година.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 4 - Доизградба на канализационен систем во с.Лешани и пречистителна станица во с.Грко Поле се планира да се обезбедат од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 5 - Изградба на канализационен систем во село Мешеишта се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 6-Доизградба на четири краци од канализационен систем во с.Мешеишта се планира да се обезбедат од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Средствата предвидени за оддржување на јавна инфраструктура и заштита на животната средина предвидено е да се трансферираат до ЈКП после издаден налог за работа и доставена ситуација за исплата.

Средствата предвидени за плаќање на потрошена електрична енергија и пренос во дистрибутивна мрежа за пумпи за снабдување со вода за пиење и плаќање на рати за потрошена електрична енергија за превземен долг од ЈПКД „Дебрца“ и склучена Спогодба помеѓу општина Дебрца, ЕВН Хоме и ЈПКД „Дебрца“ ќе се финансираат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година.

**IV.**

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник" на општината Дебрца, а ќе се применува од 01 Јануари – 31 Декември 2026година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/11**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Годишната програма за реконструкција, модернизација, користење и одржување на јавното осветлување во општина Дебрца за 2026 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за реконструкција, модернизација, користење и одржување на јавното осветлување во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/8**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002) и член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општина Дебрца",број 3/2005),Советот на општината Дебрца ,на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**ГОДИШНА П Р О Г Р А М А**
**за реконструкција, модернизација, користење и оддржување на јавното осветлување во општина Дебрца за 2026 година**

**I.**

Согласно Законот за локална самоуправа, јавното осветлување е во надлежност на Општината и ќе се реализира преку Годишна програма. Реализацијата на програмата е во директна зависност од средствата што ќе се обезбедат.

**II.**

Средствата за реконструкција, модернизација, користење и одржување на јавното осветлување се утврдуваат во износ од **8.000.000** денари и се планира да се остварат од следните извори и тоа:

| | |
|---|---|
| • **комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување** согласно член 20 тарифен број 10 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ",број 61/04 , 64/2005, 92/2007,123/12,154/15,192/15, 23/16 и 151/21 ) | **8.000.000 денари** |

**III.**

Средствата за реконструкција, модернизација, користење и одржување на јавното осветлување, ќе се користат за следните намени:

| | |
|---|---|
| • **користење на јавното осветлување** | **4.800.000 денари** |
| • **тековно одржување** | **600.000 денари** |
| • **модернизација на јавното осветлување** | **500.000 денари** |
| • **ангажирање дигалка** | **400.000 денари** |
| **ВКУПНО** | **6.300.000 денари** |

**III.**

Средствата за користење на јавното осветлување,утврдени во дел **III** став 1 точка 1 од оваа Програма, ќе се користат за плаќање за потрошената електрична енергија за јавно осветлување , врз основа на месечно доставени фактури од добавувачот на електрична енергија.

Средствата за тековно одржување на јавното осветлување,утврдени во дел **III** став 1 точка 2 од оваа Програма, ќе се користат за набавка на материјали за одржување и проширување на јавното осветлување (светилки ,заштитно стакло, вандерми, форели, проводници, спојки за лед светилки  и друга опрема).

Набавката на материјалите за тековно одржување на јавното осветлување ќе се врши од заинтересиран/и добавувач/и, избран/и врз основа на спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка .

Тековното одржување на јавното осветлување ќе го врши овластено  стручно лице, вработено во општината и по потреба економски оператор избран врз основа на спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка .

Средствата за модернизација на јавното осветлување,утврдени во дел **III** став 1 точка 3 од оваа Програма, ќе се користат за замена на постојните светилки со нови со лед технологија.

Средствата за ангажирање дигалка предвидени во дел **III** став 1 точка 4 од оваа Програма, ќе се користат за ангажирање на спицијално возило со дигалка за одржување на уличните светилки на столбови кои се дотраени или тешко пристапни за овластеното стручно лице.

Средствата кои остануваат од приходите во износ од **1.700.000 денари**, како резултат на намалена потрошувачка на електрична енергија поради поставени штедливи лед светилки, како и заштеда од нивно тековно одржување, ќе бидат наменети онаму каде што се потребни дополнителни средства за реализација на останатите Програми.

**IV.**

Динамиката на извршување на оваа програма ќе се одвива во зависност од приливот на средствата и по можност да се распредели во сите квартали во текот на 2026 година.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“, а ќе се применува од 01. Јануари- 31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/12**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за развој на културата во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за развој на културата во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/9**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општината Дебрца",број 3/2005),Советот на општината Дебрца,на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**за развој на културата во општина Дебрца за 2026 година**

**I.**

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат програмите и проектите што се од интерес за развој на културата во општината Дебрца за 2025 година, средствата за развој на културата, нивната распределба и начинот на користење.

**II.**

Средствата за развој на културата во општината Дебрца ќе се користат за следните приоритети:

| | |
|---|---|
| ❖ **САНАЦИЈА И ОДДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА КУЛТУРА**<br>• Изработка на техничка документација за изложбен центар на археолошкото наследство во село Требеништа;<br>• Реставрација на споменици и спомен обележја во општината ; | 300.000 денари<br>600.000 денари |
| ❖ **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ, АКТИВНОСТИ, МАНИФЕСТАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА** | 250.000 денари |
| • **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ТАЛЕНТИРАНИ ПОЕДИНЦИ И МЛАДИ НЕАФИРМИРАНИ УМЕТНИЦИ** | 100.000 денари |
| • **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИТЕРАТУРАТА И МУЗИЧКИ ПРОЕКТИ** | 50.000 денари |
| • **БРЕНДИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ КУЛТУРНИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ И СУВЕНИРИ** | 50.000 денари |
| • **МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА** | 60.000 денари |

| | |
|---|---|
| • **ОРГАНИЗИРАН ПРЕВОЗ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КУЛТУРНО – УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА** | 50.000 денари |
| ❖ **ФИНАНСИСКА / МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ВЕРСКИ ПРАЗНУВАЊА И ТРАДИЦИИ, ЦРКОВНИ ОДБОРИ И ДРУГИ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ** | |
| • Прослава на празникот Божик – божиќни пакетчиња ; | ќе се обезбедат од донација |
| • Прослава на празникот Василица; | 150.000 |
| • Прослава на Ифтар во општина Дебрца ; | 60.000 |
| • Финансиска поддршка за проекти на Црковните одбори на МПЦ и другите верски заедници во општината | 250.000 |
| **Вкупно:** | 1.920.000,00 |

**III.**

Средствата предвидени во Дел II став 1, точка 2, Финансиска поддршка на културни настани, активности, манифестации и здруженија, ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на културата во општина Дебрца за 2026 година.

Предвидените средства во Дел II став 1, точка 8 од оваа Програма наменети за финансиска поддршка на проекти на Црковните одбори на МПЦ и другите верски заедници ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на културата во општина Дебрца за 2026 година.

Средствата утврдени во Дел II став 2 точка 3 и 4 од оваа Програма наменети за поддршка на талентирани поединци и млади неафирмирани уметници и на проекти од областа на литературата и музички проекти ќе се користат во вид на еднократна парична помош,согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца.

**IV.**

Финансирањето на приоритетите утврдени со оваа Програма ќе се врши од Буџетот на општината Дебрца за 2026 година.

**V.**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**VI.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општината Дебрца”,а ќе се применува од 01 Јануари-31 Декември 2026 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/13** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**25.12.2025 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/10**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општината Дебрца",број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**за поддршка на локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година**

**I.**

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општината, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа, согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

**II.**

Општина Дебрца, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2026 година, при што се утврдуваат следните приоритети:

| | |
|---|---|
| ✓ **КАМПАЊИ** – за рекламирање на земјоделските производи на општина Дебрца и карактеристиките на истите, со цел привлекување на домашни и странски откупувачи ; | **50.000 денари** |
| ✓ **ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ И ЗАДРУГАРСТВО-** административна и финансиска поддршка за здружувањето на земјоделците и формирањето на земјоделски задруги ; | **50.000 денари** |
| ✓ **УЧЕСТВО НА САЕМИ** – финансиска поддршка за организирани настапи и посети на земјоделците на домашни и меѓународни саеми од областа на земјоделството ; | **50.000 денари** |
| ✓ **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА** – за здруженијата од области на земјоделството, ловството и риболовството, кои се регистрирани и делуваат на територијата во | |

| | |
|---|---|
| општина Дебрца, за тековни активности, иновации во земјоделството и руралниот развој и за најдобрите земјоделци ; | **30.000 денари** |
| ✓ **„ЦРЕШНОБЕР“ 2026 ГОДИНА** – општината покровител на промотивен настан во с.Требеништа **;** | **100.000 денари** |
| ✓ **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРОДАВНИЦИ** – за отворање на нови и постоечки продавници на територијата на општина Дебрца ; | **800.000 денари** |
| ✓ **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ДЕБРЦА И ОПШТИНА ОХРИД** | **1.800.000 денари** |
| ✓ **СОПСТВЕНО ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ВО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ** | **300.000 денари** |
| ✓ **СУБВЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ ЛИЦА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА ЗА ОБУКА, ПОЛАГАЊЕ И ДОБИВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ОД Б КАТЕГОРИЈА** | **500.000 денари** |
| ✓ **ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | **500.000 денари** |
| **Вкупно:** | 4.280.000,00 |

**III.**

Средствата од Дел II, став 1 од оваа Програма се планира да се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година, средства наменети за поддршка на локалниот економски развој на општина Дебрца.

Предвидените средства од Дел II став 1, точка 5 – Финансиска поддршка за здруженијата од областа на земјоделството, ловството и риболовството, кои се регистрирани и делуваат на територијата во општина Дебрца, за тековни активности, иновации во земјоделството и руралниот развој и за најдобрите земјоделци, ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од Програмата за поддршка на Локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година.

Предвидените средства од Дел II став 1, точка 7 – Субвенционирање на продавници за отварање на нови и постоечки продавници на територијата на општина Дебрца, ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од Програмата за поддршка на Локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година.

Средствата предвидени во Дел II став 1, точка 8, Субвенционирање на Меѓуопштински линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општина Дебрца и општина Охрид , ќе бидат распределени по јавен повик за доделување на дозволи и субвенции за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници кој заеднички го организраат општина Дебрца и општина Охрид.

Предвидените средства од Дел II став 1, точка 10, Субвенција за млади лица жители на општина Дебрца за обука, полагање и добивање возачка дозвола од Б категорија , ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од Програмата за поддршка на Локалниот економски развој на општина Дебрца за 2026 година.

**IV.**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Дебрца",а ќе се применува од 01 Јануари-31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/14**
**25.12.2025 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Дебрца во 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Дебрца во 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/11**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ број 5/2002), член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца, број 3/2005 ), Советот на општина Дебрца, на седницата, оддржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за одбележување годишнини на значајни настани и личности**
**во општина Дебрца во 2026 година**

- **ВОВЕД**

Со оваа Програма се определуваат значајни настани и личности чии годишнини ќе се одбележат во општина Дебрца во 2026 година, се определуваат активностите за одбележување, носителите и финансиските средства за реализација на програмата .

- **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Одбележување на годишнини и значајни настани и личности во насока на негување на историското минато,
- Обезбедување активен однос на општина Дебрца кон задоволувањето на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културната вредност на личности и настани , со цел негување на историските и културните вредности на општината.

- **АКТИВНОСТИ**

**Април**

**24 април 2026 година -121 година** од смртта на Христо Узунов;

**28 април 2026 година – 25 години** од масакрот кај Вејце и загинувањето на Игор Костески;

**29 април 2026 година - 82 година** од битката кај Српница.

**Мај**

**09 мај 2026 година - 81 година** од Големата победа над фашизмот – Денот на Европа.

**Август**

**02 август 2026 година -123 година** од Илинденското востание и **82 години** од Првото заседание на АСНОМ;

**18 август 2026 – 83 година** од формирањето на Баталјонот "Мирче Ацев", на Славеј планина, Денот на АРМ.

**Септември**

**01 септември 2026 година -** 82 **години** од формирањето на Охридско-Струшката НОУБ, во село Велмеј;

**08 септември 2026 година - 35 години** од Независноста на РСМ – Ден на независноста ;

**21 септември 2026 година – Денот на Светскиот мир .**

**Октомври**

**03 октомври 2026 година -83 години** од издавањето на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, во село Црвена Вода и **83 години** од првата слободна територија во НОБ, **празник на општина Дебрца ;**

**11 октомври 2026 година – 85 години** од Денот на востанието на македонскиот народ и Денот на борецот и **78 година** од основањето на организацијата на Сојузот на борците на Македонија;

**23 октомври 2026 година – 133 години** од Денот на македонската револуционерна борба .

**Ноември**

**11 ноември 2026 година – 83 години** од формирањето на Првата МКНОУПБ, во село Сливово, **Патронен празник на ООУ "Дебрца" – Белчишта** .

Носители на активностите утврдени со оваа одлука ќе бидат: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија на советот на општината, градоначалникот на општината, Општинското Основно училиште "Дебрца"- Белчишта, Општинската организација на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и на граѓаните продолжувачи во општините Охрид и Дебрца, месните заедници, Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста Охрид, Армијата на Република С.Македонија и други.

Годишнините утврдени со оваа Програма ќе се одбележуваат со одржување на трибини, свечени академии, полагање цвеќе на спомениците и спомен обележјата, медиумска покриеност, доделување на награди,пригодни подароци, со обезбедување техничка и друга поддршка, организирање на протоколарни и други средби на претставници од општината при одржување на манифестациите .

За секое одбележување носителите на активностите ќе изготват посебни оперативни програми, во кои посебно ќе бидат утврдени :  времето, местото, начинот, организацијата, превозот и сценариото , со конкретно задолжени лица и нивни задачи .

- **ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година, во износ од 100.000 денари и тоа за :

| | |
|---|---|
| - цвеќе и цветни аранжмани | 20.000 денари |
| - превоз на учесниците на прославите | 30.000 денари |
| -признанија ,плакети, награди | 20.000 денари |
| - техничка поддршка ( озвучување на манифестации, угостителски услуги и друго ) | 30.000 |

- **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на општина Дебрца и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија се грижат и го обезбедуваат извршувањето на оваа Програма.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дебрца".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски с.р.**

**Број 01-1545/15**
**с.Белчишта**
**25.12.2025  година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за развој на образованието во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/12**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општината Дебрца",број 3/2005),Советот на општината Дебрца,на седницата одржана на ден 25.12.2025 година,донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за развој на образованието во општина Дебрца за 2026 година

**I.**

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат програмите и проектите со цел стимулирање на напредокот во образовниот процес, мотивирање на учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа во централното и подрачните училишта во општина Дебрца, средствата за развој на образованието, нивната распределба и начинот на користење во 2026 година.

**II.**

Средствата за развој на образованието во општината Дебрца ќе се користат за следните приоритети:

| | |
|---|---|
| ❖ **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА** | **денари** |
| • Поставување грејни тела во училниците на подрачното основно училиште во село Горенци; | 100.000 |
| • Изградба на Спортска сала во с.Оровник за потребите на учениците на ОУ „Дебрца“ подрачно училиште с.Оровник | 3.500.000 |
| • Поставување заштитна ограда и партерно уредување кај подрачното училиште во с.Требеништа | 200.000 |
| ❖ **МОТИВИРАНИ УЧЕНИЦИ** | **денари** |
| • Годишна награда за првенец на генерација и ученици на генерација : | 30.000 |
| • Финансиска поддршка за талентираните ученици – покривање на трошоците за учество на општински, државни и меѓународни натпревари | 120.000 |
| • Еднодневни ученички екскурзии за учениците од I до IX одделение ; | 250.000 |
| • Добредојдовте првачиња – Еднократна | |

| | |
|---|---|
| финансиска поддршка за учениците запишани во прво одделение на основното образование / првачињата.<br>На почетокот на учебната 2026/27 година се доделуваат по 10.000 денари на секое првче ; | 250.000 |
| • Еднократна финансиска поддршка за учениците од завршната година на основното образование / полуматурантите.<br>На крајот од учебната 2025/26 година се доделуваат по 5.000 денари на секој полуматурант; | 125.000 |
| • Ученички стипендии за ученици од општината кои се запишани во средните училишта ; | 300.000 |
| • Студентски стипендии- за редовните студенти од општината кои се запишани на додипломски студии на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република С.Македонија; | 300.000 |
| • Осигурување во случај на незгода на учениците во основното училиште | 30.000 |
| ❖ **БЛОК ДОТАЦИИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| • Плати и придонеси | 48.097.000 |
| • Регрес за годишен одмор | 900.000 |
| • Превоз на ученици | 2.850.000 |
| • Јубилејни награди | 500.000 |
| • Трансфери при пензионирање | 450.000 |
| • Режиски трошоци | 4.145.000 |
| **Вкупно:** | **62.147.000,00** |

**III.**

Средствата од Дел II, став 1 точка 1 – Поставување грејни тела во училниците на подрачното основно училиште во с.Горенци, во износ од 100.000 денари се планира да се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година, средства наменети за основното образование.

Средствата од Дел II, став 1 точка 2- Изградба на Спортска сала во с.Оровник за потребите на учениците на ОУ „Дебрца“ подрачно училиште с.Оровник, во износ од

3.500.000 денари се планира да се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца 1.000.000 денари и 2.500.000 денари од блок дотации на ОУ „Дебрца“ с.Белчишта.

Средствата од Дел II, став 1 точка 3- Поставување заштитна ограда и партерно уредување кај подрачното училиште во с.Требеништа, во износ од 200.000 денари се планира да се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година.

Средствата од Дел II, “Мотивирани ученици” ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година .

Мерката утврдена во Дел II, став 1 точка 6 - Еднодневни ученички екскурзии за учениците од I до IX одделение може да се користи по претходно поднесено барање од Основното училиште и доставена Програма за изведување на еднодневна ученичка екскурзија.

Со оваа мерка општината ги покрива трошоците за превоз за еднодневната ученичка екскурзија.

Средствата утврдени во оваа Програма кои ќе се користат за финансиска поддршка за талентираните ученици, ќе се одобруваат согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца.

За доделување на ученички и студентски стипендии ќе биде распишан Конкурс за доделување стипендии на одлични ученици од општина Дебрца запишани во јавните и приватните средни училишта во Република С. Македонија и Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република С. Македонија.

**IV.**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општината Дебрца”,а ќе се применува од 01 Јануари-31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/16** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**25.12.2025 година** **Иван Стрезоски с.р.**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за активностите на општина Дебрца во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за активностите на општина Дебрца во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/13**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа( Службен весник на РМ бр. 5/2002), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на 25.12.2025 година, донесе :

***ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА***
***ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА ВО ОБЛАСТА НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА, КОМУНИКАЦИИТЕ И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2026 ГОДИНА***

## 1. Вовед

Односите со јавност претставуваат значајна функција на современиот менаџмент, чија улога е да ги оценува ставовите на јавноста, да ги идентификува политиките и процедурите од јавен интерес и да изработува и спроведува акциски планови и програми што обезбедуваат јавно прифаќање и разбирање на презентираните информации.

Со Програмата за комуникација се обезбедува редовна, навремена и транспарентна комуникација со јавноста, со цел подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите прашања од значење за локалната заедница.

Програмата утврдува приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните групи: граѓаните на општина Дебрца, медиумите, институциите, граѓанскиот сектор и другите заинтересирани страни.

Основната цел на Програмата за комуникација е да ги дефинира начинот, формата и видот на информациите што се пренесуваат за работата на единицата на локалната самоуправа, како кон внатрешната организација, така и кон надворешната јавност.

Спроведувањето на Програмата ќе го врши општинската администрација, во координација со лицето задолжено за односи со јавноста и под раководство на Градоначалникот на општина Дебрца, согласно со утврдените процедури за внатрешна комуникација.

Комплексноста на односите со јавноста како концепт ја наложува потребата од добро познавање на целните групи, како и развивање на соодветна методологија за активности насочени кон унапредување на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на Општината.

***Активната транспарентност*** е релативно нов поим. Под активна транспарентност се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Со објавување информации на сопствена иницијатива, општина Дебрца ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за одговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет и
- ќе се зголеми ефикасноста во управување со информациите

Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од општина Дебрца:

- на веб-страницата на општината посебно е објавено за постапката за пристап до информации, листа на информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 2. Цели на програмата :

1. Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница;
2. Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на општината;
3. Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
4. Обезбедување комуникација и распространување на информациите за посебни целни групи;
5. Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност;
6. Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на општината;
7. Подобрување на транспарентноста и отчетноста на Советот на општина Дебрца и подобрување на информираноста на граѓаните за работата на Советот;
8. Подршка на маркетинг активностите .

## 3. Активности :

- ✓ Учество во комуникацијата со јавноста за сите актери во одржливиот развој на локалната заедница;
- ✓ Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на општината - (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обрски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година;
- ✓ Поттикнување на граѓаните за учество во креирањето на буџетот - значи навремено информирање заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините ;
- ✓ Искористување на повратните информации од граѓаните за примена на принципот на постојано подобрување ;

- ✓ Воспоставување на соработката со општини од други држави со кои би можеле да бидеме збратимени, во насока на развој на економија, образование, култура, туризам, како и соработка со општини од други држави, особено за имплементација на проекти од прекуграничната соработка и други проекти финансирани од ЕУ и други меѓународни донатори;
- ✓ Реализација на заеднички активности и проекти од локално и регионално значење;
- ✓ Зајакнување на учеството на здруженијата на граѓани, мали и средни претпријатија во меѓународните активности на општината;
- ✓ Зајакнување на учеството на локалните стопанственици во активностите на општината;
- ✓ Зајакнување на учеството на месните заедници-истакнување на проблемите со кои се соочуваат жителите на селата ;
- ✓ Зајакнување на капацитетите за користење на ЕУ фондовите;
- ✓ Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, хендикепирани лица, пензионери, невработени, месни заедници, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна;
- ✓ Набавка на софтвер за пренос на седницита на Советот во живо на официјалната страна на facebook и youtube (ново ниво на транспарентност на општината ).

## 4. Целни групи :

1. Граѓаните на општина Дебрца;
2. Месните заедници;
3. Медиуми (локални, регионални и национални);
4. Бизнис-заедницата;
5. Општинската администрација;
6. Земјоделци;
7. Потенцијални инвеститори;
8. Туристички организации;
9. Невработени;
10. Граѓански сектор;
11. Студенти и ученици;
12. Донатори;
13. Маргинализирани групи;

14. Институции;

15. Пошироката јавност и др.

## 5. Канали и алатки за комуникација :

Со цел да оствари редовна и непречена комуникација, општината ќе се фокусира на новите, современи електронски средства за информирање, од кои како најмногу користени во последно време се секако социјалните мрежи, кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите.

Во текот на 2026 година, се планира редовно ажурирање и вградување на нови алатки и содржини на официјалната веб страница на општината, со цел да се подобри транспарентноста и отчетноста.

Со оглед на разновидноста на целните групи, општината ќе ги користи и основните, традиционалните и веќе постојни канали за комуникација:

За остварување на внатрешната комуникација ќе се користи:

1. **Лична комуникација:** колегиуми, состаноци на ниво на одделенија, состаноци меѓу одделенијата при општината, состаноци и заеднички средби на сите вработени;
2. **Писмена комуникација:** општинско гласило, огласна табла;
3. **ИТ-комуникација:** внатрешна електронска мрежа (интранет);

## 6. Финансиска спецификација на активностите :

| **Реден број** | **Опис на активност** | **Вкупно средства** |
|---|---|---|
| 1. | Годишно одржување на општинската веб страница www.debrca.gov.mk | 60.000 |
| 2. | Електронска презентација на активностите на општината на локални и регионални медиуми ( радио, телевизии и интернет портали | 400.000 |
| 3. | Огласи и јавни повици во национални печатени гласила | 150.000 |
| 4. | Промотивен и репрезентативен материјал: каталози, брошури,честитки, билтени, летоци,календари, разгледници и друго за потребите на општината | 150.000 |
| 5. | Вкупно: | 760.000,00 |

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година.

**7. Завршна одредба :**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дебрца", а ќе се применува од 01 Јануари до 31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/17** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**25.12.2025 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/14**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година**

## I. ВОВЕД

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат програмите и проектите што се од интерес за развој на спортот во општината Дебрца за 2026 година, средствата за поддршка и развој на спортот, нивната распределба и начинот на користење.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година има за цел подобрување на спортскиот живот во општината, промоција на разновидни спортско-рекреативни содржини, поттик на жителите , особено младата популација, за масовно вклучување во спортските активности, со цел развој на позитивните вредности на спортот, а во функција на обезбедување на здрави идни генерации во општината, како и поддршка на спортските манифестации, спортските клубовии талентираните спортисти, преку кои ќе се презентира и промовира општината.

## III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНАТА

Средствата во Буџетот на општина Дебрца за 2026 година ќе се користат за следните мерки и активности:

**А.Активности за изградба и реконструкција на спортската инфраструктура во општината**

Развојот на спортот е невозможен без соодветна пристојна спортска инфраструктура.

За таа цел, во текот на 2026 година се планира да се преземат повеќе активности кои ќе бидат насочени кон подигање и подобрување на потребната спортска инфраструктура, односно изградба, реконструкција и санација на спортски терени, спортски игралишта и спортски објекти во општината и тоа :

| Планирана проектна активност | Потребни средства /денари |
|---|---|
| • Изградба на трибина на спортски полигон во село Оровник | **600.000** |
| • Санација на соблекувална на фудбалско игралиште во село Слатино | **100.000** |
| • Реконструкција на игралиште за мал фудбал с.Мешеишта | **21.000.000** |

Планираните проектни активности: изградба на трибина на спортски полигон во село Оровник  и Санација на соблекувална на фудбалско игралиште во село Слатино ќе се финансираат со средства од Буџетот на општина Дебрца.

Проектната активност : реконструкција на игралиште за мал фудбал с.Мешеишта ќе се финансира со средства обезбедени од Министерство за спорт.

**Б. Поддршка на спортски манифестации во општината**

Општината  во текот на 2026 година ќе даде финансиска и техничка поддршка на рекреативни спортски активности и манифестации - турнири во фудбал, мал фудбал, ракомет, кошарка или друг вид на спортски натпревари, спортски дружења на генерации, организирани на подрачјето на општината од страна на спортските клубови и здруженија на граѓани, а кои имаат за цел масовно вклучување на младата популација и подигање на натпреварувачкиот дух и поттик на хуманиот аспект, и тоа :

| | |
|---|---|
| **Поддршка на спортски манифестации во општината** | **450.000 денари** |

Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година.

**В. Поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во регионална лига**

Општината ќе даде финансиска и друга поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во регионална лига  и тоа:

| | |
|---|---|
| **Поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во регионална лига** | **200.000 денари** |

Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година.

**Г.Поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во општинска лига**

Општината ќе даде финансиска и друга поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во општинска лига  и тоа:

| | |
|---|---|
| **Поддршка на спортски клубови од општината кои се натпреваруваат во организиран систем на натпревари во општинска лига** | **240.000 денари** |

Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година.

**Д. Поддршка на талентирани спортисти**

Финансиска поддршка на талентирани спортисти од општина Дебрца, и тоа:

| | |
|---|---|
| **Поддршка на талентирани спортисти** | 60.000 денари |

Финансиската поддршка на талентирани спортисти од општина Дебрца ќе се исплатува по поднесено барање и притоа ќе се постапува согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца.

**Ѓ. Превоз на екипи кои се натпреваруваат во општинска и регионална лига**

Општината ќе обезбеди превоз на екипи кои се натпреваруваат во општинска и регионална лига на релации подолги од 40 км, и тоа :

| | |
|---|---|
| • Превоз на екипи кои се натпреваруваат во општинска и регионална лига на релации подолги од 40 км | **200.000 денари** |

**Е. Набавка на спортска опрема за фудналските клубови и спортски реквизити**

| | |
|---|---|
| • Набавка на спортска опрема за фудбалските клубови и спортски реквизити | **100.000 денари** |

**Ж. "Живеј здраво – вози точак"**

Поддршка на рекреативниот спорт со доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година, во вкупен износ од **60.000** денари.

Максималниот износ за поединечна субвенција за купен велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице и вклучен персонален данок на доход.

Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за развој на спортот во општина Дебрца за 2026 година.

**З. Бесплатно користење на спортската балон сала во село Требеништа**

На сите поединци и спортски клубови од општината ќе им се овозможи бесплатно да ја користат за спортски и рекреативни активности спортската-балон сала, во село Требеништа.

Општината од буџетот ќе ги субвенционира трошоците на ЈП за комунална дејност "Дебрца" за потрошената електрична енергија , а другите тековни трошоци за балон салата се на товар на јавното претпријатие.

## IV.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на оваа програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства. Вкупно потребни средства за реализација на оваа програма се: 23.010.000,00 денари.

**V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца", а ќе се применува од 01 Јануари – 31 Декември 2026 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1545/18** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**25.12.2025 година** **Иван Стрезоски с.р.**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Буџетот на ЕЛС Дебрца за 2026 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Буџетот на ЕЛС Дебрца за 2026 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2025 година.

**Број 09-1584/15**
**26.12.2025 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - ОПШТИНА ДЕБРЦА***

**- БУЏЕТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ДЕБРЦА**
***за 2026 година***

***ДЕКЕМВРИ 2025 година***

***ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - ДЕБРЦА***

***Предлагач: Градоначалник на ЕЛС Дебрца***
***Златко Сиљаноски***

***Претставник:***
***дипл.екон.Сашо Силјаноски***

**- БУЏЕТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ДЕБРЦА**
***ЗА 2026 ГОДИНА***

***Белчишта***,ДЕКЕМВРИ ***2025 година***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 28 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018) и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 53/21,77/21,150/21,173/22,170/24 и 37/2025), Советот на Општина Дебрца на 6-та седница, одржана на декември 25.12.2025 година, донесе

**Б У Џ Е Т О Т на Општина Дебрца за 2026 година**

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на **Општина Дебрца** за 2026 година се состои од:

| | во денари |
|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **163,634,638** |
| - Даночни приходи | 23,186,500 |
| - Неданочни приходи | 1,087,000 |
| - Капитални приходи | 27,284,363 |
| - Приходи од дотации | 57,942,000 |
| - Трансфери | 54,024,284 |
| - Приходи од донации | 110,491 |
| **II. Вкупни расходи** | **201,353,154** |
| - утврдени намени | 201,103,154 |
| - резерви | 250,000 |
| **III. Дефицит** | **-37,718,516** |
| **IV. Финансирање** | **37,718,516** |
| **Прилив** | **38,215,362** |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Депозити | 38,215,362 |
| **Одлив** | **496,846** |
| Отплата на главница | 496,846 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
| | | **205,403,507** | **143,797,509** | **0** | **57,942,000** | **110,491** | **0** | **201,850,000** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **22,866,500** | **23,186,500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **23,186,500** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1,511,500 | 1,731,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,731,500 |
| 713 | Даноци на имот | 10,750,000 | 11,250,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11,250,000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 10,600,000 | 10,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,200,000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 5,000 | 5,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1,167,000** | **1,087,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1,087,000** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 400,000 | 400,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400,000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 565,000 | 465,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 465,000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 202,000 | 222,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 222,000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **20,260,259** | **27,284,363** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27,284,363** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 20,260,259 | 27,284,363 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27,284,363 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **161,109,748** | **92,239,646** | **0** | **57,942,000** | **110,491** | **0** | **150,292,137** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 160,939,225 | 92,239,646 | 0 | 57,942,000 | 0 | 0 | 150,181,646 |
| 742 | Донации од странство | 170,523 | 0 | 0 | 0 | 110,491 | 0 | 110,491 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **205,403,507** | **143,797,509** | **0** | **57,942,000** | **110,491** | **0** | **201,850,000** |
| 40 | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **62,800,894** | **20,219,000** | **0** | **48,997,000** | **0** | **0** | **69,216,000** |
| 401 | Основни плати | 42,822,518 | 12,415,000 | 0 | 33,564,304 | 0 | 0 | 45,979,304 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 16,480,376 | 5,192,000 | 0 | 14,532,696 | 0 | 0 | 19,724,696 |
| 404 | Надоместоци | 3,498,000 | 2,612,000 | 0 | 900,000 | 0 | 0 | 3,512,000 |
| 41 | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **250,000** | **250,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250,000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **48,670,216** | **27,730,000** | **0** | **5,685,000** | **110,491** | **0** | **33,525,491** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 265,000 | 205,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 205,000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 22,718,454 | 15,285,000 | 0 | 2,555,000 | 0 | 0 | 17,840,000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1,535,000 | 1,130,000 | 0 | 392,000 | 0 | 0 | 1,522,000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 7,561,000 | 5,400,000 | 0 | 154,000 | 0 | 0 | 5,554,000 |
| 425 | Договорни услуги | 12,757,331 | 3,210,000 | 0 | 1,565,000 | 110,491 | 0 | 4,885,491 |
| 426 | Други тековни расходи | 1,831,000 | 1,700,000 | 0 | 145,000 | 0 | 0 | 1,845,000 |
| 427 | Привремени вработувања | 2,002,431 | 800,000 | 0 | 874,000 | 0 | 0 | 1,674,000 |
| 45 | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **150,000** | **120,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120,000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 150,000 | 120,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120,000 |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **9,067,000** | **7,115,000** | **0** | **950,000** | **0** | **0** | **8,065,000** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 720,000 | 720,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 720,000 |
| 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 1,000,000 | 2,600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,600,000 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1,680,000 | 1,590,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,590,000 |
| 464 | Разни трансфери | 5,667,000 | 2,205,000 | 0 | 950,000 | 0 | 0 | 3,155,000 |
| 47 | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **820,000** | **2,180,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2,180,000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 820,000 | 2,180,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,180,000 |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **83,148,551** | **85,686,663** | **0** | **2,310,000** | **0** | **0** | **87,996,663** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 840,000 | 2,150,000 | 0 | 50,000 | 0 | 0 | 2,200,000 |
| 482 | Други градежни објекти | 82,058,551 | 83,436,663 | 0 | 2,260,000 | 0 | 0 | 85,696,663 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 250,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 49 | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **496,846** | **496,846** | **0** | **0** | **0** | **0** | **496,846** |
| | 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 496,846 | 496,846 | 0 | 0 | 0 | 0 | 496,846 |

# БИЛАНС НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | БУЏЕТ: Расходи од самофинан. активности | БУЏЕТ: Расходи од дотации | БУЏЕТ: Расходи од донации | БУЏЕТ: Расходи од кредити | БУЏЕТ: **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **83,148,551** | **85,686,663** | **0** | **2,310,000** | **0** | **0** | **87,996,663** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **83,148,551** | **85,686,663** | **0** | **2,310,000** | **0** | **0** | **87,996,663** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 840,000 | 2,150,000 | 0 | 50,000 | 0 | 0 | 2,200,000 |
| 482 | Други градежни објекти | 82,058,551 | 83,436,663 | 0 | 2,260,000 | 0 | 0 | 85,696,663 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 250,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |

# БИЛАНС НА ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **122,254,956** | **58,110,846** | **0** | **55,632,000** | **110,491** | **0** | **113,853,337** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **62,800,894** | **20,219,000** | **0** | **48,997,000** | **0** | **0** | **69,216,000** |
| | 401 Основни плати | 42,822,518 | 12,415,000 | 0 | 33,564,304 | 0 | 0 | 45,979,304 |
| | 402 Придонеси за социјално осигурување | 16,480,376 | 5,192,000 | 0 | 14,532,696 | 0 | 0 | 19,724,696 |
| | 404 Надоместоци | 3,498,000 | 2,612,000 | 0 | 900,000 | 0 | 0 | 3,512,000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **250,000** | **250,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250,000** |
| | 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| | 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **48,670,216** | **27,730,000** | **0** | **5,685,000** | **110,491** | **0** | **33,525,491** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 265,000 | 205,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 205,000 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 22,718,454 | 15,285,000 | 0 | 2,555,000 | 0 | 0 | 17,840,000 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 1,535,000 | 1,130,000 | 0 | 392,000 | 0 | 0 | 1,522,000 |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 7,561,000 | 5,400,000 | 0 | 154,000 | 0 | 0 | 5,554,000 |
| | 425 Договорни услуги | 12,757,331 | 3,210,000 | 0 | 1,565,000 | 110,491 | 0 | 4,885,491 |
| | 426 Други тековни расходи | 1,831,000 | 1,700,000 | 0 | 145,000 | 0 | 0 | 1,845,000 |
| | 427 Привремени вработувања | 2,002,431 | 800,000 | 0 | 874,000 | 0 | 0 | 1,674,000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **150,000** | **120,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120,000** |
| | 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 150,000 | 120,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **9,067,000** | **7,115,000** | **0** | **950,000** | **0** | **0** | **8,065,000** |
| | 461 Субвенции за јавни претпријатија | 720,000 | 720,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 720,000 |
| | 462 Субвенции за приватни претпријатија | 1,000,000 | 2,600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,600,000 |
| | 463 Трансфери до невладини организации | 1,680,000 | 1,590,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,590,000 |
| | 464 Разни трансфери | 5,667,000 | 2,205,000 | 0 | 950,000 | 0 | 0 | 3,155,000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **820,000** | **2,180,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2,180,000** |
| | 471 Социјални надоместоци | 820,000 | 2,180,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,180,000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **496,846** | **496,846** | **0** | **0** | **0** | **0** | **496,846** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 496,846 | 496,846 | 0 | 0 | 0 | 0 | 496,846 |

2

# БУЏЕТСКИ РАСХОДИ ПО ФУНКЦИИ НА ЕЛС

## Ниво на: СТАВКА

| Фун.ста. / Фун.код | О П И С | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | ВКУПНО |
| | | **143,797,509** | **0** | **57,942,000** | **110,491** | **0** | **201,850,000** |
| **701** | **ОПшТИ ЈАВНИ СЛУЖБИ** | **43,474,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **43,474,000** |
| 7011 | ИЗВТШНИ И ЗАКОНОДАВНИ ОРГАНИ, ФИНАНСИСКИ И ФИСКАЛНИ РАБОТИ, НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 43,474,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43,474,000 |
| **704** | **ЕКОНОМСКИ РАБОТИ** | **61,601,172** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61,601,172** |
| 7045 | ТРАНСПОРТ | 61,401,172 | 0 | 0 | 0 | 0 | 61,401,172 |
| 7047 | ОСТАНАТИ ИНДУСТРИИ | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| **705** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | **10,142,337** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10,142,337** |
| 7051 | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОЦИТЕ | 2,216,846 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,216,846 |
| 7052 | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ | 4,975,491 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,975,491 |
| 7056 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 2,950,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,950,000 |
| **706** | **ЖИВЕАЛИШТА И РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА** | **22,190,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **22,190,000** |
| 7062 | РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА | 2,130,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,130,000 |
| 7063 | ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 5,560,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,560,000 |
| 7064 | ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИ | 14,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14,500,000 |
| **708** | **РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА** | **4,940,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4,940,000** |
| 7081 | СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ УСЛУГИ | 3,120,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,120,000 |
| 7082 | УСЛУГИ ЗА КУЛТУРА | 1,820,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,820,000 |
| **709** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | **1,300,000** | **0** | **57,942,000** | **110,491** | **0** | **59,352,491** |
| 7091 | ПЕДАГОШКО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 1,300,000 | 0 | 57,942,000 | 110,491 | 0 | 59,352,491 |
| **710** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **150,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150,000** |
| 7109 | ДРУГА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |

# ФУНКЦИОНАЛНИ РАСХОДИ

## Ниво на: ПОТПРОГРАМИ

| Фун.код / Потпр. | О П И С | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 143,797,509 | 0 | 57,942,000 | 110,491 | 0 | 201,850,000 |
| | | Б У Џ Е Т | | | | | |
| **7011** | **ИЗВТШНИ И ЗАКОНОДАВНИ ОРГАНИ, ФИНАНСИСКИ И ФИСКАЛНИ РАБОТИ, НАДВОРЕШНИ РАБОТИ** | **43,474,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **43,474,000** |
| A00 | СОВЕТ НА ОПШТИНА | 6,465,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6,465,000 |
| A10 | ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D00 | ГРАДОНАЧАЛНИК | 4,684,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,684,000 |
| D10 | МЕСНА САМОУПРАВА | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 |
| DA0 | МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ) | 10,100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,100,000 |
| E00 | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | 21,175,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21,175,000 |
| EA0 | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| **7045** | **ТРАНСПОРТ** | **61,401,172** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61,401,172** |
| J50 | ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ | 1,800,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,800,000 |
| J60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАКАЈОТ | 1,800,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,800,000 |
| JD0 | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ | 30,909,146 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,909,146 |
| JDA | Изградба на локален пат од с.Злести до с.БелчиШта | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JDB | Реконструкција на локален пат од с.МеШеиШта до с.Волино | 12,370,874 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12,370,874 |
| JDG | Реконструкција на локален пат с.Злести - црква Св.Богородица | 7,391,712 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7,391,712 |
| JDV | Реконструкција на улица во с.Оровник | 6,129,440 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6,129,440 |
| JF0 | ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| **7047** | **ОСТАНАТИ ИНДУСТРИИ** | **200,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200,000** |
| G20 | ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
